ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02-4/10-3
Прилеп 30.05 2024 год.

Врз основа на член 393 став 2 од Законот за трговските друштва и член 59 став 2 од Статутот на Тутунски комбинат АД -Прилеп, а во врска со Одлуката на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп за свикување на презакажано Годишно Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, до Акционерите на друштвото се објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

За свикување на презакажано Годишно Собрание на акционери
на Тутунски комбинат АД Прилеп

Седницата на Годишното Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп закажана за ден 29.05.2024г. со почеток во 12.00ч. во просториите на работничкиот ресторан на Тутунски комбинат АД Прилеп на ул. Прилепски бранители бр.85 Прилеп, поради немање на кворум, се презакажува за ден 11.06.2024г. исто со почеток во 12.00ч. во просториите на работничкиот ресторан на Тутунски комбинат АД Прилеп на ул. Прилепски бранители бр.85 Прилеп.

На презакажаното Годишно Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп за ден 11.06.2024г. ќе се одлучува по прашањата утврдени во дневниот ред на Седницата на Годишното Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп што беше закажана за ден 29.05.2024г. како следи:

## ПРЕДЛОГ – ДНЕВЕН РЕД

**ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

**1. Избор на работни тела на собранието**

**а. Верификациона комисија од 3 члена**

**б. 1 бројач на гласови**

**2. Избор на претседавач на собрание на акционери**

**РАБОТЕН ДЕЛ**

**1.Разгледување и одобрување на годишниот извештај за работењето на Тутунски Комбинат АД Прилеп за деловната 2023г.**

***-предлог одлука за одобрување на Извештајот за работењето на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2023г.***

**2.Одобрување на годишната сметка и финансиските извештаи за работата на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2023г.**

***-предлог одлука за одобрување на годишната сметка и финансиските извештаи и распоредување на добивката на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2023г.***

**3.Разгледување и усвојување на Извештајот од извршената ревизија на годишната сметка и финансиските извешати на Тутунски комбинат АД за деловната 2023г.**

***-предлог одлука за одобрување на извештајот на независниот ревизор за деловната 2023г.***

**4. Одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на Одборот на директори:**

***- предлог одлуки за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп поединечно за следните членови: Зоран Пачешкоски (извршен член),***

*Гоце Котески (извршен член), Горан Тодоров (извршен член) Сретен Богоевски (независен неизвршен член) Златко Сарев (неизвршен член), Миле Велкоски (независен неизвршен член) и Милаим Амеди ( неизвршен член).*

**5.Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Тутунски Комбинат АД за деловната 2024г.**
***- предлог одлука за назначување на овластен ревизор***

**6. Донесување на Одлука за кредитно задолжување и заложување (голема зделка)**
***-предлог одлука за кредитно задолжување и заложување (голема зделка)***

Учеството на презакажаното Годишно Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп повторно не се пријавува.

Сите информации во врска со точките на дневен ред акционерите можат да ги најдат на интернет страницата на друштвото www.tkprilep.com.mk.

Претседател на
Одборот на директори на
Тутунски комбинат АД Прилеп
Сретен Богоевски

„Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7